**До**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

**1000 С к о пј е**

**Кабинет на Министерот Иво Ивановски**

# РЕАКЦИЈА

## По повод Третиот Нацт закон за медиуми објавен на ден 15.07.2013 година од Министерството за Информатичко општество

**Почитувани,**

**Крајно сме незадоволни од Министерството за Информатичко општество и администрација во поглед на нивниот дволичен став и непросфесионално однесување кон Групацијата на Независни медиуми.**

**Имено, иако предлог барањата кои ги доставивме со Вториот нацт закон Министерството не ги прифати, сепак Министерот Ивановски преку пресс конференциите тврдеше дека Законот нема ги опфати забавните портали, туку само оние кои објавуваат вести, политика, новини.**

**Но Третиот нацрт Закон опфаќа буквално СЕ, од информативни па се до забавни портали.**

**Оваа е доказ дека Министерството буквално си игра со нашата судбина, и се обидува да регулира портали кои единствено постираат забавни содржини.**

**Неколку забавни портали веќе не информираа дека доставиле електронски дописи до Вас, со кои барале објаснување зошто овојпат Министерството ги зароби и забавните сајтови.**

**Најтрагично од сето ова е што на дописите никој не одговорил, иако станува збор за информација од јавен карактер.**

**Со тоа имаме чувство дека Министерството само го одолговлекува одговорот со цел нашата реакција подоцна да биде веќе задоцната.**

**Го потсетуваме Министерот Ивановски дека Групацијата на независни медиуми ја сочинуваат 27 активни веб портали кои располагаат со над 1,000,000 посетители и 1,500,000 Фејсбук Фанови, а некои од нив се међу најпосетуваните 20 сајтови во Македонија според Alexa.com што покажува дека имаме многу голема покриеност на интернетпросторот во Македонија, додека цело време Министерот го занемарува нашето постоење.**

**Во однос на третиот Нацт Закон за медиуми бараме:**

**1. Забавните сајтови да бидат ослободени од регулацијата на Законот за медиуми**

**2. Прецизно дефинирање на тоа што е забавен сајт и што тој смее да објавува во своите граници.**

**3. Повторно посериозно разгледување на нашите предлог барања кои ги доставивме во однос на Вториот нацт закон за медиуми, а се однесуваат во врска со информативните сајтови зад кои стои физичко лице.**

**Образложение: Општо е познато дека во Трговскиот регистер се регистрираат субјекти кои остваруваат промет заради оданочување а не физички лица кои немат приходи од некоја дејност**

**Доколку ваквиот непрофесионален и дволичен однос на Министерството кон нас продолжи, заедно со нашите посетители и фанови најавуваме штрајк пред Министерството и Владата, со цел да спречиме елиминирање на нашите портали со новите Законски решенија.**

20.07.2013, Скопје **Од Групација на Независни сајтови**

Претставник: Маријана Наскова, Дарко Пеливанов